РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale

Бр.Nr 02-190/1
15.01 2025 год.viti
Скопје-Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR PËR STATISTIKË

Бр.-Nr. 03-101/1
15.01. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**
Министерство за Енергетика, Рударство и Минерални Суровини

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

МАКСТАТ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## склучен помеѓу

1. *Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, со адреса на ул. „Илинденска“ бр. 2, 1000 Скопје, претставувано од Сања Божиновска, министерка, од една страна и*
2. *Државниот завод за статистика, со адреса на ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, претставуван од д-р Дејан Станков, директор, од друга страна, во понатамошниот текст „страните“.*

## ЦЕЛ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

### Член 1

*Со овој меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу страните за работи од заеднички интерес базирана на искористување на внатрешните потенцијали на овие две институции во насока на постигнување заеднички интереси во сегментот на енергетиката, рударството и минералните суровини со следење одредени показатели достапни на страните*

## ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

### Член 2

*Меѓусебната соработка на Страните ќе се реализира во различни домени од нивниот делокруг, а со цел поефикасна примена на Законот за енергетика, Законот за минерални суровини и Законот за државната статистика во областите на статистики, со спроведување на начелата на стручна независност, неутралност, објективност, сигурност, статистичка доверливост и рационалност.*

## НАЧИНИ НА СОРАБОТКА

### Член 3

*Страните ќе соработуваат во согласност со законските рамки и заеднички утврдените потреби, преку одржување на заеднички состаноци, присуство на конференции и учество на обуки и курсеви, организирани од едната или другата страна.*

## КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

### Член 4

*(1) Потписниците на Меморандумот ќе расправаат по прашања поврзани со остварување на целите на Меморандумот како и за други дополнителни активности што ќе произлезат од истиот согласно претходно утврдена динамика.*

*(2) Потписниците на Меморандумот ќе обезбедат меѓусебна соработка и поддршка вклучувајќи координираност во комуникацијата, имплементација на превземени активности и меѓусебно информирање и известување.*

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 5

*(1) Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс на барање на страните потписници.*

*(2) Секоја од страните потписници може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна потписничка, 30 дена пред настапување на прекинот на важењето на Меморандумот.*

### Член 6

*(1) Овој Меморандум влегува во сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни и се склучува на неопределено време.*

*(2) За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот, по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.*

**Република Северна Македонија**
Министерство за Енергетика, Рударство и Минерални Суровини

*(3) Меморандумот е составен на македонски јазик, во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) идентични примероци за секоја од страните.*

| | |
|---|---|
| *МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ* | *ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА* |
| *Сања Божиновска*<br>*МИНИСТЕР* | *д-р Дејан Станков*<br>*ДИРЕКТОР* |

*Во Скопје, на ден 15.01. 2025 година*

Контакт лица од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

| Бр. | Лице за размена на податоци |
|---|---|
| 1. | Име и презиме: Горан Николовски<br>Организациска единица: Сектор за нафта и гас<br>Работно место: Советник<br>Службен телефон: 078 336 438<br>Службена е-пошта:goran.nikolovski@energy.gov.mk<br><br>Име и презиме: Бујар Зендели<br>Организациска единица: Сектор за минерални суровини<br>Работно место: Помлад соработник<br>Службен телефон: 075 252 772<br>Службена е-пошта: bujar.zeneli@energy.gov.mk |

Контакт лица од Дражавен завод за статистика

| Бр. | Лице за размена на податоци |
|---|---|
| 1. | Име и презиме: Анета Костевска<br>Организациска единица: Сектор за поддршка на работењето на директорот<br>Работно место: Советник<br>Службен телефон: 02 3295 868<br>Службена е-пошта: aneta.nikolova@stat.gov.mk<br><br>Име и презиме:<br>Организациска единица:<br>Работно место:<br>Службен телефон:<br>Службена е-пошта: |